# ТЕМА

## Интерактивност: нова категорија на ликовното?

# 1

- симпозиум

SCCA - Skopje

Понеделник 18. март 1996. 17ч

Младински културен центар

# ТЕМА
# THEME

# 1

# Интерактивност: нова категорија на ликовното?

*симпозиум*

Мелентие Пандиловски

## Интерактивност - нова категорија на ликовното ?

## Интерактивност - симултан двостран отклон

Во самиот зададен наслов и тема за овој симпозиум леди една претпоставка за новината која што е промовирана на еден универзален план, за сеопфатниот феномен на интерактивноста. Иако е сосема сигурно дека возмодностите за комуникација помеѓу луѓето се повеќекратно зголемени и овозмодуваат една низа на нови искуства, сепак интерактивноста каква сега ја имаме не модеме да ја сврстиме во категоријата на длабоки историски пресврти ниту пак таа претставува целосна новост во внатрешниот свет на човекот. Во самата суштина на поимањето леди феноменот на полидимензионалното додивување на светот практикувано низ различни ритуали, на различни географски ширини.

Битноста на горе наведеното не леди во потценувањето на феноменот на интерактивноста туку напротив во потенцирањето на симултаниот двостран отклон кој што електронската интерактивност го промовира со свои сопствени карактеристики. Световите на виртуелното и реалното во нудноста за своето сопствено постоење креираат свои опозиции. Колку и да изгледа парадоксално, нудното симултано постоење на двата света и нашето инклинирање кон обата, создава модност за продлабочување на нашето сопствено битие. Ова е точно бидејќи самата интеграција на она што се третира како виртуелно и она за што веруваме дека е стварно создава една нова проширена стварност. Нејзин неопходен елемент е динамичката интеграција на ова ново здобиено знаење.

Производите од овие искуства се карактеризираат како синестетички искуства, тактилни светови, V.R. искуства, специфични аутистички реалности.

Неколку елементи се карактеристични за интерактивната уметност:

- враќање кон сетилното и воведување на интуитивното.
- враќање кон концептот
- свесноста на уметникот за феноменот на интерактивноста
- декодирање на новиот медиумски јазик
- промена на насоката на мислата
- владеење со технологијата

Валентино Димитровски

# Дилемите околу можните реперкусии на новите медиуми

Она што во допирот со новите електронски технологии и медиуми не возбудува, не провоцира, а можеби и плаши, не е толку раширена технолошка идолатрија и некритичката верба со модернистичко-проективен занес за нивните неограничени можности. Ниту пак тоа е стравот од непознатото што ќе ги поремети востановените односи, особено во областа на уметностите или експресивните практики што, во состојба на тотално посредување, ни служат како последно прибежиште, како регија што обезбедува каква-таква смисла. Технологиите и медиумите што нудат интерактивни релации и, можеби, неограничена комуникативна транспарентност не можат да одиграат некаква месијанска улога во трансформација на доцноцивилизацискиот амбиент, затоа што тоа е веќе видено. Замислите за неограничени комуникативни и интерактивни случувања не можат да не инпресионираат повеќе дури ни како трансцедентални претпоставки. Од друга страна пак, митската присила во неизбежната неопходност на овие релеи не треба да не вознемирува со својата изнасилена реторика. Затоа што она што денес се нуди како невремено, утре станува секојдневно и изветвено. Едноставно, новите технологии и медиуми се тука и нудат интерактивни и комуникативни предизвици на коишто не можеме да останеме инертни. Ниту пак можеме да останеме индиферентни спрема експресивните поттици што тие ги провоцираат.

Бојан Иванов

# Пристап кон медиумите на информатичката технологија преку категориите на традиционалните толкувања на ликовното

Јазикот кој што е составен за да ја опише дијалектиката на модерниот свет, изгледа несоодветен за критичко осмислување на денешните развојни обрасци. Во поглед на современиот ликовен израз, овој впечаток е најсилно поткрепен од заслепувачката брзина со којашто егзистенцијалните и производните техники на денешницата се преобразуваат во експресивни средства. Едно од исходиштата на тој процес е и збогатувањето на аналитичкиот речник со поими скoвани во создавањето на одредена технолошка, во случајов информатичка основа на ликовниот израз. Така, специфичната перцепција на сложените ликовни, звучни и наративни устројства кои што се регистрирани на малиот блескав диск, се означува со поимот интерактивност, чијашто, пак, темелна одредница се однесува на пожелните својства во ракувањето со мрежата на персонални сметачки единици и периферии.

Вреднувањето, или барем описот на ликовните потенцијали на интерактивноста имплицирана во податоците што ги носи сребрениот диск, поставува бројни недоумици пред ликовните критичари, историчари на уметноста и теоретичари на медиумите. Имено, споредена со интерактивниот пристап кон најновите инкарнации на забавните мега-структури, каква што е, на пример, парискиот Еуро-Дизни центар, интерактивноста на една сметачка програма која што ракува со фондот на слики, анимации, звуци или текстови, изгледа недоволно спектакуларна, прилично ограничена во поглед на акциите и прилично предвидлива во ефектите на ликовниот израз.

Оттука, истражувањето на новите медиуми сепак би требало да отпочне со описните можности на стариот речник. Веројатно е сеуште можно, уочувајќи ги технолошките ограничувања на еден авторски исказ, да се проговори смислено и за слободата што се проектира или дури и освојува со актуелните творечки постапки.

Еди Берг

## Интерактивност

Интерактивноста е парадоксално најстарата и најмодерната карактерисктика на посредувањето. Кому посредуваат медиумите ако не на луѓето? Сепак има само неколку години како некои уметници започнаа да работат со овој фундаментален концепт. Голем дел од медиумските уметности, на пример, беа - и сеуште се - едноставна негација на еднонасочноста на пренесувањето, и се вообличени премногу предвидливо од директната опозиција спрема телевизијата. Во реалноста, нарација во која што гледачот може да избира помеѓу два завршетока не е ништо повеќе интерактивна одколку избирање на канали или одбирање на филм или драма која би сакале да ја видите во театрите. А секако е помалку интерактивна отколку разговорот.

Да се биде човек значи да се мисли во зборови и слики, звуци и симболи; логика и поезија од кои секоја припаѓа на сите. Во битта на сите нас е комуникацијата. Предизвикот на интерактивните медиуми е да бидат-барем- толку интересни колку оваа човечка интеракција. Премногу често уметниковите дела од оваа област паѓаат помеѓу ѓаволштината на содржината и длабокото плаво море на медиумската специфичност, погрешно заменувајќи го софтверот за медиумот. Тажно е, но премалку дела се интересни колку самата апликација на која што се напишани !

Јанош Шугар

## Пазарот наспроти супермаркетот

Интерактивноста е најелементарната човечка делатност.

Таа е толку суштествена да многу долго немавме име за неа. Безименоста ги карактеризира само најважните работи во човечката култура. Интерактивноста е команда на постоењето, основен услов за спасувачка симбиоза, значи најесенцијална стратегија на опстанокот. Изолацијата е смрт. Интерактивноста беше многу долго условена само од едно: да биде во еден простор во исто време.
Терминот интерактивност се појави со само рефлективниот развој на комуникациските техники. Интерактивноста значи комуникација без употреба на традиционалните метакомуникативни (не-свесни, погрешно разбрани) елементи. Интерактивната визуелна уметност е (во согласност со дидактивната традиција на авангардната уметност) театар на перцепцијата, драматизираната форма на разбирањето: основно школо на комуникацискиот дизајн. Разбирањето на нештото е апсорбирање на нешто што порано го немавме, детектирање на новото, сретнување со непредвидливото. Денес нивото на интерактивноста се карактеризира со квалитетот на комуникацијата и се однесува на неговиот однос кон комуникацијата од вистинскиот живот. На пазарот можеме да ги допреме производите, можеме да имаме директен контакт употребувајќи ги сите наши сетила, ние мораме да разговараме со продавачот, да се натпреваруваме со другите купувачи, дури и да се ценкаме. (Во некои општества ценкањето е задолжително). Во мулти-културните општества потребата за интеракција може да произведе проблеми заради непознавање на правилните обичаи, јазикот, локалната култура. Соочувајќи се со нешто низ екранот ни дозволува да не влијаеме взаемно едни на други, да бидеме пасивен и неутрален посматрач, гледач на телевизија. (Телевизијата е најдобар пример за масовна едносмерна комуникација.) Во супермаркетот влијаеме само со својот прст - притискаме - покажувајќи на продуктот кој што сакаме да го имаме, ние можеме да избегнеме да бидеме инволвирани во реалноста, ние можеме практично да го дефинираме сопственото ниво на интерактивноста.


ИКОНА
Н А
СРЕБРО
I C O N
O N
SILVER





Небојша Вилиќ

## За уметникот

... од 'електронскиот уметник како гениј' се бара да биде репетиабилен. Тој однапред се согласува неговото дело да биде бесконечно повторливо, бидејќи само како такво тоа може да биде дело на електронската уметност; само така тој ја остварува неговата суштина. Во оваа смисла, интуицијата се сведува на уметниковата оригинална моќ да ја претпостави ситуацијата и тоа е сé што останува од 'уметникот како гениј'. Имагинацијата како комбинирање, односно обликување, во креативниот чин е условено од техничките предиспозиции на медиумот: дискутабилно е мислењето за безбројните можности на новите медиуми, особено ако се има предвид дека тие се во зависност од бројот на *внесените* (што значи - дадените) можности како софтверска или хардверска поддршка. Ова е уште повидливо кај прикажувањето кое е во постојана променливост зависна не од уметникот, туку од корисникот: уметникот ги поставува опциите, а на корисникот се остава како ќе ги оствари. Со тоа корисникот не е повеќе реципиент кој еднонасочно ги прима и толкува кодовите и пораките на уметникот, туку тој е нужниот друг пол кој го овозможува интерактивниот процес на остварувањето на делото. Или, ако 'уметникот како гениј' може да опстојува без реципиент, 'електронскиот уметник како гениј' за воопшто да постои има потреба од корисник кој ќе го потврди како таков.

Иван Џепаровски

## Уметничкото дело во раздобјето на репликацијата и/или репетицијата

Ако се обидеме теориски да укажеме дека при интерактивните односи кон уметничкото дело категоријата репетиција е побитна од категоријата репликација, тоа може да биде само враќање назад. Назад кон телото, кон она репетирање (на говорот, на приказната, на движењата), но сега во една нова спрега, спрега на телесната репетиција и човечки не-матерјалната репликација (сликарски - визуелната, скулпторски - тактилната, музички - слуховната). Ваквото уметничко дело со поврзувањето на матерјалното (телесното) и не-материјалното (техничкото) како да повикува одредени архаични форми од минатото, кога овие две категории биле целосно поврзани. Така добивме ситуација на максимално дигитализирање, проследена од максимално архаизирање!

**Сузана Милевска**

## Интерактивноста: промискуитет или Gesamtdatenwerk

Отсутниот *Друг,* интерпретентот се покажува како лажно реален додека се создава делото, а при исчитувањето таа улога ја презема авторот. Оваа игра влијае врз самото дело кое никогаш не е присутно бидејќи своето значење го здобива со исчитувањето. Така, последицата е веќе присутна во причината, *катастрофата* веќе се случила како *анастрофа*, еден вид *палиндром.* Против ваквото преиначување на симболичкиот ред, произлезен од експлицитноста на функционирањето на самата машина, својот глас го подигнуваат теоретичарите - екософи меѓу кои најрадикален став зазема Џорџ Штајнер: тој препишува една еколошка терапија во вид на диета од сите медиуми. Единствено така телото ( не самочовековото, туку и она на уметноста - делото) ќе биде спасено од тоа да стане wetwear, биолошки аналогон на хардверот и софтверот. Екософите сакаат да го заштитат паднатиот субјект од медиумската колонизација со хиперпродукција на уметнички информации од втор степен во која ситуација оригиналноста се јавува како антитетична на новината. Според германскиот режисер Зиберберг, ова е фаза на уметност од втора класа, и на гигантска енвироментална полуција на душата, хаос на хибридизација во која владее промискуитет и инцестуозност. Ваквата рециклирана уметност без идентитет, неавтентичен инвалид, предизвикува цик-цак чувства и конфузија што може да биде разрешена само со исклучување од сите медиуми.

Никола Гелевски

# Интерактивноста како нова категорија на ликовното

Во овој текст ќе се обидам *категоријата* интерактивност да ја поврзам со концептот за плуралноста наспроти монизмот, и, под два, ќе се обидам - иако нема да отидам многу подалеку од некакви *импресионистички* и *субјективни* впечатоци на еден посетител на музеј - да покажам (низ сликите на Веласкез, Ван Ајк и Холбајн) дека *интерактивноста* и не е толку *нова ликовна категорија*, барем во онаа смисла во која јас ја сфаќам: *текст кој истовремено се анализира и себе си и покажува дека всушност не е во посед на себе ниту има било каков неутрален метајазик кој му овозможува анализирање.* Следствено, моите залагања одат во насока на афирмирање на еден *херменевтички или методолошки плурализам* кој ги доведува во прашање критериумите за воспоставување поредок и хиерархиите меѓу бројните, можеби и безбројни, *валидни но некомпатибилни интерпретации.*

Мелентие Пандиловски

Интерактивност - симултан двостран отклон

Валентино Димитровски

Дилемите околу можните реперкусии на новите медиуми

Бојан Иванов

Пристап кон медиумите на информатичката технологија преку категориите на традиционалните толкувања на ликовното

Еди Берг

Интерактивност

Јанош Шугар

Пазарот наспроти супермаркетот

(пауза)

Небојша Вилиќ

За уметникот

Иван Џепаровски

Уметничкото дело во раздобјето на репликацијата и/или репетицијата

Сузана Милевска

Интерактивноста: промискуитет или Gesamtdatenwerk

Никола Гелевски

Интерактивноста како нова категорија на ликовното


ИКОНА
НА
СРЕБРО
ICON
ON
SILVER

SCCA